Република Македонија
Општина Могила

Бр. 09 - 1075/1
07.12.2018 год.
Могила

**Врз основа на членот 8 од Законот за финансиска поддршка на единиците на локалната самоуправа и единки корисници основани од единиците на локалната самоуправа за финансирање на доспеани, а неплатени обврски (Службен весник на РМ бр.209/18), Градоначалникот на Општина Могила објавува:**

## ЈАВЕН ПОВИК

**До доверителите на Општина Могила и доверителите на единките корисници основани од Општина Могила, од областа на образованието, културата, детската и социјалната заштита за пријавување на доспеани, а неплатени побарувања**

**Се повикуваат доверителите на Општина Могила и доверителите на единките корисници основани од Општина Могила, од областа на образованието, културата, детската и социјалната заштита да ги пријават доспеаните, а неплатени побарувања заклучно со 30.09.2018 година.**

Рокот за пријавување на побарувањата е 8 (осум) работни дена од денот на објавувањето на Јавниот повик. Денот на објавувањето на Јавниот повик не се засметува во рокот.

Право на пријавување на побарување имаат доверителите за побарувања доспеани до 30.09.2018 година евидентирани во Електронскист систем за пријавување и евиденција на обврските.

За обврските на општината и единките корисници, градоначалникот и одговорните лица на единките корисници пристапуваат кон преговори со сите доверители кои се јавиле на јавниот повик за спогодбено утврдување на износот на обврските, односно намалување на обврските, за што се составува и потпишува записник со секој доверител.

Приоритет при исплата на доспеани, а неплатени обврски имаат обврските кои спогодбено со доверителот е постигнато целосно откажување од каматата и намалување на главницата на побарувањето за 15%.

Со пријавата, доверителите се должни да ја достават и следната документација:

- Договор или друг акт од каде произлегува побарувањето помеѓу Општина Могила, корисници основани од Општина Могила, од областа на образованието, културата, детската и социјалната заштита и доверителот,
- Фактура/ситуација за задолжувањето (аналитичка картица),

Општината може да побара дополнителна документација која е во интерес на постапката.

Документацијата, целосно пополнета се доставува во оригинал или копија. Доколку документацијата се доставува во копија, веродостојноста на секоја страница подносителот на барањето ја потврдува со свој потпис и печат.

**Пријавата за побарување за пријавување на Јавниот повик, подносителите може да ја подигнат од архива на Општина Могила или да ја превземат од веб-страната на Општина Могила www.mogila.gov.mk**

1. Рок и начин на доставување на пријавите

Рокот за поднесување на пријавите е 8 (осум) работни дена од денот на објавувањето на јавниот повик. Јавниот повик и обрасците ,,Пријава на побарување согласно Јавен повик до доверителите на Општина Могила и доверителите на единките корисници основани од Општина Могила од областа на културата, детската и социјалната заштита, за пријавување на доспеани, а неплатени побарувања" ќе бидат објавени на веб-страната на Општина Могила.

**Пријавата со потребната документација да се достави преку пошта или лично во канцеларија на архива на Општина Могила (од 7:30 до 15:30 часот секој работен ден), Општина Могила 7216, Могила.**

Повикот ќе биде објавен во дневниот весник ,,Слободен печат", на огласна табла на Општина Могила, на веб-страната на Општина Могила.

Ненавремени пријави нема да бидат земени предвид при преговарањето.

По завршувањето на Јавниот повик, Општина Могила ќе ги разгледува пристигнатите пријави, а Градоначалникот на Општина Могила ќе постапи согласно Законот за финансиска поддршка на единиците на локалната самоуправа и единките корисници основани од единиците на локалната самоуправа за финансирање на доспеани, а неплатени обврски (Службен весник на РМ бр.209/18).

**Градоначалник на**
**Општина Могила**
**Јасмина Гулевска**

Република Македонија Општина Могила Могила